Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, член 21 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/20) и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-3619/5 од 08.10.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 29-та седница одржана на 08.10.2021 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РЕАКЦИЈА И САНИРАЊЕ НА ИНЦИДЕНТИ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

### Член 1

Во Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-582/1 од 23.01.2015 година, преамбулата се менува и гласи:

„Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, член 21 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/20) и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-3619/5 од 08.10.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 29-та седница одржана на 08.10.2021 година, донесе:“

### Член 2

Во глава „II.Начин на пријавување на инцидент, содржина на пријавата и преземање мерки за негово отстранување“, членот 3 се менува и гласи:

„Евидентирањето на секој инцидент опфаќа пријавување, реакција и санирање на инцидентите, при што се наведуваат следните податоци за инцидентот:

- времето кога се појавил;
- траење и престанок на инцидентот;
- место во информацискиот систем каде што се појавил инцидентот;
- податок или проценка за обемот односно опсегот на инцидентот;
- име и презиме на овластеното/ите лице/а кое го пријавило инцидентот;
- име и презиме на овластеното/ите лице/а до кои е доставена пријавата за инцидентот и
- мерки кои се преземени за негово санирање.“

### Член 3

Во останатиот дел Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-582/1 од 23.01.2015 година, не се менува.

**Член 4**

Овој Правилник за изменување на Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Член 5**

Правилникот за изменување на Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе се објави на огласната табла на Агенцијата.

**Бр.01-3674/1**
**08-10.2021 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**